Здружение ЦЕНТАР ЗА ИНТЕГРИРАНА БЕЗБЕДНОСТ
Shoqata Qendra per Sigurite Integruar
Бр. Nr. 0307-129/1
29.10. 2024 год.viti.
СКОПЈЕ-SHKUP

Примерок или копија бр.__
Страници вкупно:2+12

До____________________________________

**ПРЕДМЕТ:** Понуда за спроведување на еднодневни-двочасовни предавања на теми во надлежност и од интерес на Општините и Градот Скопје, доставува.-

Врска: Решение на Централен Регистар на Р.С. Македонија за основање на Здружението ЦЕНТАР ЗА ИНТЕГРИРАНА БЕЗБЕДНОСТ Скопје, од 31.03.2023 година.

Почитувани,

Здружението ЦЕНТАР ЗА ИНТЕГРИРАНА БЕЗБЕДНОСТ од Скопје, во кое членуваат повеќе истакнати експерти од сите субјекти на Системот за национална безбедност во државата, како што се одбраната, полицијата, Армијата, заштитата и спасување, управувањето со кризи, безбедносните служби, приватната безбедност, заштитата на личните податоци, безбедноста на класифицираните информации и други институции, подготви 12 теми со содржини кои се потребни за успешно функционирање на администрацијата во Г.Скопје, во Општините, Јавните претпријатија и од интерес за учениците и вработените во Средните и Основните училишта. Добар дел од темите веќе ги предававме во основните училишта и во други заинтересирани институции.

Подготвените 12 теми се поделени во две групи: За потребите на учениците и наставниците во Основните и Средните училишта и За потребите на вработените во Општините и Јавните претпријатија. Дел од темите може да се предаваат и за учениците и за вработените во Општините и Јавните претпријатија.

**Преглед на теми за еднодневни предавања за потребите на учениците и наставниците во Основните и Средните училишта:**

| |
|---|
| 1.„Превенција на насилство меѓу децата во училиштата“ |
| 2.„Остварување соработка и комуникација со полицијата и другите надлежни служби во насока на рано детектирање на насилство меѓу децата во училиштата“ |
| 3.„Улогата и значењето на европскиот број за итни повици Е-112, за зголемена заштита, спасување и помош за граѓаните во Р.С. Македонија“ |
| 4. „Поседување и ракување на огнено оружје и опасности и последици од негово незаконско користење“ |
| 5. „Превенција за справување од закани со бомби и од нелегална употреба на експлозиви“ |
| 6.„Заштита од опасни материи, реакција на контакт со опасни материи и можности за справување со материи достапни за криминогени групи“ |

**Преглед на теми за еднодневни предавања за потребите на вработените во Општините и во Јавните претпријатија:**

| |
|---|
| 1. „Улогата и значењето на европскиот број за итни повици Е-112, за зголемена заштита, спасување и помош за граѓаните во Р.С. Македонија“ |
| 2.„Соработка на Локалната самоуправа со Центарот за управување со кризи и потребата од изработка на Процена на загрозеноста на безбедноста на единиците на локалната самоуправа“ |

| |
|---|
| 3. „Место и улога на Армијата во вонредна и кризна состојба и начини на соработка со Локалната самоуправа“ |
| 4. „Законски обврски на единиците на Локалната самоуправа за спроведување на подготовки за одбрана“ |
| 5. „Заштита од опасни материи, реакција на контакт со опасни материи и можности за справување со материи достапни за криминогени групи“ |
| 6. „Превенција за справување од закани со бомби и од нелегална употреба на експлозиви“. |
| 7. „Лажни вести, пласирани преку социјалните мрежи и медиумите и нивното влијание на граѓаните, а особено на младите“ |
| 8. „Заштита на личните податоци“ |
| 9 „Безбедност на класифицирани информации“ |
| 10. Програми, фондови и мрежи за градење Проектни партнерства во областа на безбедноста и животната средина“ |

За сите 12 теми имаме подготвен материјал и презентации за реализација на предавањата и обуката.

За да можете подетално да се запознаете со содржината на темите, во прилог на актот Ви доставуваме краток Апстракт за секоја тема посебно, од кој може јасно да согледате која е целта на предавањата, за кои таргет групи се однесува, како ќе се спроведуваат и кои се предавачите.

Доколку цените дека имате потреба за наведените содржини, Ве замолуваме да воспоставиме контакт и да се договориме за конкретна соработка.

Со почит,

**Прилог:**
-Апстракт за 12 теми за предавање и обука.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
д-р Златко Кузманов

**Податоци за контакт:**
e-mail: isc.mk.info@gmail.com
https//cib.org.mk / https//isc.org.mk
моб.тел.бр. 070 403 214

**Доставено до:**
-1х до Г.Скопје и Општините (Центар, К.Вода, Аеродром, Г.Баба, Чаир, Карпош, Бутел, Ш.Оризари, Ѓ.Петров и Сарај) (копии бр. од 1 до 11)
-1х Архива на ЦИБ (примерок бр.1)